Елица МАНЕВА

**УДК: 904:391.7(497.7-21)„14/15“**

# НАКИТОТ ОД ГРОБ 463 ОД ВОДОЧА – КРАЈ НА XV-XVI ВЕК –

***Кратка содржина***

*Гробот 463 од некрополата во Водоча кај Струмица содржи раритетен гробен инвентар: прстен и прочелница од кројот на XV и поодминатиот XVI век.*

*Прстенот е работен според луксузните италијански предлошки од почетокот на XV век со венчален односно меморијален карактер од типот: „Annelo de peto“ – „прстен од срце“ (даруван).*

*Декорацијата на прочелницата претставува реминисценција на сижеа инспирирани од Александридата, посебно од апотеозата на Александар Македонски.*

*Тоа е рурален накит, одраз на постарите традиции, со многузначна симболика, слоевита порака, одраз на особена, трогателна емотивност.*

***Клучни зборови***: *НЕКРОПОЛА ОД ВОДАЧА, АЕХЕОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛ, ПРСТЕН, ПРЕЧЕЛНИЦА, АПОТЕОЗА, АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ, АЛЕКСАНДРИДА.*

Некрополата на комплексот *Водочки цркви, Св. Леонтиј*, село Водоча се простира на 4 км. западно од Струмица. Таа егзистирала од средните векови па сѐ до средината на XX век[1].

После извршената конзервација и финална документација на движниот археолошки материјал,[2] меѓу наодите е забележан уникатен гробен инвентар од гробот 463. Тој се состои од венчален, од-

---

[1] Археолошките ископувања на некрополата во Водоча ги отпочнал В. Лахтов во 1961-1962 година. Во 1973-1974 одделни зафати извршил П. Миљковиќ-Пепек. Најголемиот дел, сепак, го открил археологот Јован Ананиев (1947-2003) работејќи без прекин од 1979 до 2003. Според неговата желба, натамошното проучување на оваа некропола со 1081 гроб, ми беше завештано мене. Завршните терenски работи во 2004 ги оконча археологот Ване Секулов.

[2] Конзервацијата и финалната документација на материјалот што се третира на ова место ги извршија археолозите-конзерватори и документатори: Билјана Бозароска, Бранко Павловски и Давча Спасова.

носно меморијален прстен и накит за глава – пречелница (frontale, preçelech etc.)[3], со многубројни симболични значења и пораки.

Во гробот 463 била погребена возрасна женска индивидуа за којашто, за жал, недостасуваат подробни антрополошки и остеолошки податоци.

Гробот бил интактен и ги содржел само наведените два наода.[4] Во пределот на главата, над челото откриени се осум кружни аплики од пречелницата (не е наведен нивниот распоред), додека на левата рака (не се знае на кој прст) откриен е прстен.

**Прстенот** е од бронза, изработен во техниките на лиење и врежување. D(вн.) – 20 mm, h-25 mm, глава (штитче) – 14 x 11 mm, тежина – 6,41 гр. Според анализата тој е подоцнежен дериват, рурална варијанта на раскошните, велмошки прстени импортирани од Италија на почетокот од XV век. Отфрлајќи ги сложените текстови од Евангелијата, минуциозната декорација на главата и обрачот, племенитите метали и макотрпните техники (злато и ниело), подоцнежните, локални мајстори успеале да имитираат само елементи од орнаментиката на овие прстени. Така, на водочкиот примерок се гледа буквата „Р" во центарот на украсната површина на главата или „штитчето" како се нарекува во одделни, архаични дијалекти во Македонија. **Сл. 1, 2.**

Апстрахираниот „натпис" на страничните полиња во вид на цик-цак линии (линии под агол) е, всушност, неука замена за врежаниот текст кој кај скапоцените, прстени гласел: *Annello da peto* (*Прстен од срце)* и имал веренички или меморијален карактер. Во средишниот дел од главата на импортираните примероци била прикажана комплетна хералдичка претстава со шлем волчја челенка над него и трапезовиден штит со врежана буква „р". **Сл. 3.**

Следејќи одделни аналогни елементи: морфолошки, декоративни или изведбени кај подоцнежни примероци[5] инспирирани од

---

[3] За податоците од ликовните извори за женскиот накит носен на главата, односно челото, како и за средновековните термини од пишуваните текстови, особено од дубровничките архиви види: Е. Манева, *Крстеви – Средновековна некропола*, Скопје 2000, 44-51, сл. 26-28, п. 85, 98, 102, 105, 108, 109.

[4] Гробот 463 е откриен на 23.09.1994 година во Кв. С 16. Според постојната документација јамата била од типот на слободно вкопаните, без конструкција, на длабочина од 2,17 м до површинското ниво на теренот, во „источниот ѕид од просторијата за добиток". Ориентирана е З-И, има трапезовиден облик со заоблени агли и дим.: 1,75 м x 0,60 (запад), 0,35 (исток).

[5] Б. Радојковић, *Накит код Срба,* Београд 1969, 199, сл. 113; В. Писарова, Средновековни пръстени от фонда на окръжния исторически музейв в Кюстендил, *Известия на Националния исторически музей*, Том VII, София 1988, 163, обр. 23, VII, 1.




Сл. 1.
Изглед на прстенот од гроб
463 – Водоча



Сл. 2.
Прстен од гробот 463 – Водоча.
Декорација на „штитчето"

впечатливите постари прстени со трогателна и податлива намена, се дојде до заклучок дека прстенот од гробот 463 од Водоча бил произведен, односно употребуван кон крајот на XV и во поодминатиот XVI век.

**Пречелницата** од гробот 463 од Водоча, и покрај широчината на временската рамка што ја понуди расправата за прстенот од истиот гроб, веќе има релативно сигурна културна, општествена и хронолошка појдовна поткрепа за натамошна попродлабочена студија. Ова е дотолку позначајно што за неа не се познати директни аналогии.[6]

И покрај кревкоста и кршливоста, може да се заклучи дека таа била компонирана од осум кружни аплики со еднакви димензии: D – 20 mm; Пресек – 0,5 mm. **Сл. 4-6, 14, 15.**

Сите тие се изработени од тенка, бакарна ламарина, украсени со втиснување во калапи – матрици со техника на исчукување. Со тоа, и со обликот, а донекаде и со начинот на изработка, тие асоцираат на забележливото присуство на монетите како инспирација при украсувањето на накитот, оружјето и други предмети.[7] Притоа, ну-

---

Д. Милошевић, *Накит од XII до XV века из збирке Народног музеја,* Београд 1990, 138, 139, 143, кат. бр. 209, 220, 222; Б. Иванић, *Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века*, Београд 1995, 35, кат. бр. 83.

[6] Пречелницата од гроб 463 е посебно обработена и тој текст интегрално е преземен на ова место. E. Maneva, The Headband from Vodoèa: Reflections of a Narrative from the Alexander Romance, *Folia Archaeologica Balcanica,* I, Скопје 2006. (во печат)

[7] Челната лента на шлемот со спојки од Heraclea Lynkestis од крајот на V и првите децении на VI век, е украсена со фриз од кружни претстави работени според нумизматички



Сл. 3.
Прстен од типот: „Annello da peto“ Јањево (Косово) – Почетокот на XV век

мизматичките претстави се употребуваат како готови иконографски решенија за изразување на некаква порака, нарација, статус, но и за профилакса на носителот од злото.[8]

Во античкиот и средновековниот накит монетите, било да се користени без никакви измени или да служеле како модели, погодни за имитирање, биле употребувани во поскромен обем. Во подоцнежниот фолклорен накит од Македонија и поширокото соседство тие постануваат најмаркантниот елемент во китењето. Нивното присуство, како и пред тоа значи, не само престиж и ознака на социјалниот статус, туку и естетска, апотропејска и магична категорија.[9]

Според изработката, материјалот и обидот за нарација во украсувањето, пречелницата од Водоча е многу слична со други наоди од некрополата,[10] така што не се исклучува можноста сите тие да потекнуваат од иста, локална работилница од овие простори која делувала кон крајот на XV и во XVI век, и која, покрај останатото се инспирирала од нумизматички предлошки.[11]

Кај подобро зачуваните аплики се забележуваат по две перфорации близу до надворешниот раб направени по една замислена

предлошки. Преку нив се изразува статусот, достоинството и програмската идеја на носителот, кој истовремено, со прикажаните мотиви и текстови бил заштитен како човек и воин од злото.

Е. Манева, Нумизматички предлошки во декорацијата на шлемот со спојки од Хераклеја, *Монетите и монетоковниците во Македонија,* МАНУ, Скопје 2001, 85-91, со цитирана опсежна литература.

[8] H. Maguire, Magic and Money in the Early Middle Ages, *Speculum* 1992, 1037-1054.

[9] Е. Манева, *Сердновековен накит од Македонија*, Скопје 1992, 62, 64.

[10] Е. Манева, Водочка варијанта на кружни наушници од крајот на XV век, *Годишен зборник на Филозофски факултет,* Скопје 2005, 277-296.

[11] Во византиското монетоковање, како и кај многубројните ковници што работеле под негово влијание се среќаваат елементи од амблематиката, хералдиката и сфрагистиката. Крстот во разни варијанти е меѓу најомилените мотиви. Сето тоа играло големо влијание и во декорирањето на накитот.



Сл.4.
Аплика со крстолик мотив. Пречелница од гроб 463 – Водоча



Сл. 5.
Аплика со мотив на грифон. Пречелница од гроб 463 – Водоча

хоризонтала. На тој начин, елементите од пречелницата биле зашиени за текстилната (или кожена?) подлога. **Сл. 4-6, 14, 15.**

Според прикажаните мотиви апликите се делат на два основни типа. Кај четири од нив, кои се сосема идентични, во средината е претставен крст со којшто кругот е поделен на четири сегменти со по едно прстенесто крукче во секој од нив. И крстот и крукчињата се изведени така што имитираат впреден филигран, очигледно инспирирани од некаков поскап или постар урнек.[12]

Декорацијата кај другите четири аплики **Сл. 4, 6, 14, 15** се состои од круг ограден со појас на периферијата, формиран од две концентрични кружници и исполнет со по 20 точкасти испакнатинки. Во средишната кружна површина е прикажана стилизирана, но ефектно оформена, зооморфна креатура на фантастичното крилесто, четириножно суштество – грифонот.[13] И овие четири аплики се втиснати

---

M. H. Hendy, *Catalogye of the Byzantine Coins in the Dumbarton Oaks Collection and in the Whitte more Collection, Vol. 4, Alexius I to Michael VIII (1081-1261), Washington D.S. 1999, Part 2, Pl II, XXV, XXXVII, XLVI etc.; Ph. Grierson,* Dumbarton Oaks Catalogues, Byzantine coins in The Dumbarton Oaks Collection and in the Wittmore Collection, *vol. 5, Michael VIII to Constantine XI, 1258-1453, Part II, Waschington 1999, Pl. 10, 35, 38, 40, 45, 50, 72 etc.;*

В. Иванишевић, *Новчарство средњовековне Србије,* Београд 2001, Т. I-VIII; T. Crafter, A Die Study of the Cross-and-Crosslets Type of the Ipswich Mint, c. 1161/2-1180, *The Numismatic Chronicle, vol. 162,* London 2002, Pl. 43-47 etc.

[12] М. В. Седова, *Яврелирные изделия Древнего Новгорода* (X-XV вв.) Москва 1981, рис. 12.

[13] Претставата на грифонот е дадена мошне шематизирано. Телото, главата и четирите шепи се прикажани како кружни испакнатинки, така што не е јасно дали тој имал лавовска или орловска глава. Крилјата се најдетално изработени, извиени во лакови и раширени, со нагласени пердувести елементи, додека шепите се чини дека се лавји.



Сл. 6.
Изглед на аппликите од пречелницата од Водоча (цртеж Д. Спасова)

во иста матрица, но перфорирани и зашиени за подлогата на два различни начини. Две од нив се поставени така што грифоните се во мирна, стоечка положба, додека другите две се наместени така што овие суштества се исправени на задните нозе, всушност, тие се во став на полетување. **Сл. 5, 6, 14, 15.**

Токму оваа позиција на грифоните беше причина за првичната асоцијација во разрешувањето на пораката од декорацијата на пречелницата и нејзината врска со сижето за *Вознесувањето на Александар Македонски на небото.*[14]

Романот за Александар Македонски, неговиот живот, подвизи и освојувања на световите и тајните што се граничат со невозможното, напишан е во II-III век н.е. од Псевдо-Калистен. Во V век тој е надограден со епизодата за неговото *вознесение.* Без сомнение, тоа е најомилената средновековна, профана лектира, многу пати препишувана и објавувана во разни редакции. Во латинската верзија

[14] G. Millet, L'ascension d'Alexandre, *Syria* 1923, T. IV; А. В. Банк, Моливдовул с изображением полета Александра Македонского на небо, *Труды Отдела Востока Эрмитажа,* Ленынград 1940, Т. III, p. 186; A. Grabar, Le succés des arts, orientaux à la cour byzantin sous les Macedoniens, *Münchener Jacharbuch der bildenden Kunst*, Folge 3, Bd. 2, München 1951, 47, ill. 10; Г. К. Вагнер, Скулптура Владимиро – суздалъской Руси. *Г. Юръев Полъской,* Москва 1964, 117; В. П. Даркевич, *Светское искусство Византии,* Москва 1975, 154-159, рис. 223-235; Т. И. Макарова, *Перегородочатые эмали Древней Руси,* Москва 1975, 44-53; Б. А. Рыбаков, *Язычество древней Руси,* Москва 1987, 562-656; Т. Тотев, *Преславското съкровище,* Шумен 1994, 18-35; Л. Дончева-Петкова, *Митологични изображения от българското средновековие,* София 1996, 13-50 etc.

составена во средината на X век од неаполскиот архипрезвитер Лав, птиците што во постарите изданија го вознесувале Александар на небо се заменети со грифони.[15]

Во византиската уметност се јавуваат бројни претстави на ова сиже карактеристично за дворскиот, световен циклус чие значење било, не само апотропејско туку и апотеоза на царската власт.[16]

Темата е присутна на профани градби, цркви, камена пластика, на дрворези,[17] моливдовули, минијатури, ткаенини, на метални и керамички садови и други предмети од сферата на христијанската материјална култура,[18] **Сл. 7-10,** но позната е и во муслиманската.[19]

На ова место, вниманието се насочува на дијадемите декорирани со овој мотив.

Иако временски многу одалечена, женската, владетелска дијадема од Преслав, од дворскиот трезор закопан, веројатно во 971 година, значи појдовна основа за одгатнувањето на оваа идеја.[20]

На централната плочка од оваа дијадема претставен е младешкиот лик на Александар Македонски во двоколка што ја влечат антиподски поставените орлоглави грифони. Намамени од парчињата месо наденати на копјата што тој ги држи во рацете, грифоните се исправени на задните нозе, спремни да полетаат. На останатите плочки, во мирен, стоечки став прикажани се симетрично парови од лавоглави грифони, сенмурви – кучиња птици и уште два орлоглави грифони.[21] **Сл. 8.**

---

[15] А. В. Банк, 1940, op.cit., 186; В. П. Даркевич, 1975, op.cit., 154 etc.

[16] А. Грабар, Светското искуство в Русия преди монголското нашествие и „Песната за похода на Игор“ – *Избрани съчинения,* Т. II, София 1983, 278.

[17] На дрвената врата од црквата Св. Никола Болнички во Охрид покрај другите претстави прикажан е и ореолглав грифон во комбинација со астрален симбол со апотропејска улога. Л. Дончева-Петкова, *Митологични...* op. cit., 34-35, обр. 31.

[18] Cf. n. 14

[19] Вознесението на Александар Македонски е претставено на Бакарната чаша со арапски натписи, сопственост на селџучкиот емир Ортокид Сикман ибн Дауд (1114-1144). В. П. Даркевич, 1975, 157. илл. 228.

[20] За дијадемата од Преслав е пишувано и коментирано во повеќе наврати. Т. Тотев многу мотиви од трезорот и од дијадемата ги врзува за IX-X век, па и пред тоа, но помислува дека таа е изработена во Преслав, не подоцна од првата половина на X век. Т. Тотев, *Преславското..., op.cit., 35.*

Л. Дончева-Петкова, изработка на дијадемата ја датира во првата половина на X, додека нејзиното доспевање под земја, како и на сиот дворски трезор настанало во критичната 971 година.

Л. Дончева-Петкова, *Митологични...,* op.cit., 25.

[21] Т. Тотев, *Преславското...,* op.cit., 22, обр. 8.



Сл. 7.
Орлоглав грифон и астрален симбол – дрворез. Св. Никола Болнички, Охрид

На средишната плочка од кнегинската дијадема од Сахновка младиот Александар го вознесуваат, исто така грифони, но тој во рацете држи жезла украсени со вегетабилни мотиви (кринови, семиња итн.). Со растителна декорација се украсени и преостанатите плочки од дијадемата.[22] **Сл. 9, 10.**

Споредувајќи ги примероците од Преслав и Сахновка со истоветно конструираната дијадема од Киев, но со Исус Христос, односно Деизис на средните три, крилестите архангели Михаил и Гаврил и апостолите Петар и Павел на останатите плочки, Б. А. Рибаков ја пласира тезата за трансформацијата на прастарата иконографска претстава на различни соларни божества стасувајќи сè до христијанската верзија за *Вознесувањето на Исус Христос.* Тој смета, исто така, дека на дијадемата од Сахновка во ликот на Александар Македонски треба да се препознае словенскиот бог Дажбог или самото сонце во зенит,[23] додека колцата во случаите кога е прикажана двоколката ги толкува како дел од дневната сончева патека: сонце на излез и на залез.[24] **Сл. 9-11.**

Притоа, Рибаков ја изнесува луцидната споредба: Александар Македонски син на Амон (или на Аполон), Дажбог – син на врховното божество кај Словените и Исус Христос – Божји син.

Фактот што подвижниот христијански празник *Вознесение* кој се празнува на четриесеттиот ден после Христовото *Воскресение*, секогаш е блиску до летниот солстициум и се слави без исклучок во четврток – денот посветен на соларните божества и громовниците, за Рибаков значи уште еден аргумент повеќе за неговите претпоставки.[25]

---

[22] Споед Макарова дијадемата од Сахновка е од XII век, закопана во времето од 1143 до 1180. Рибаков неа ја датира во 1165 година поврзувајќи ја со кнегинката Агнеса, додека на нејзината внучка од почетокот на XIII век ја припишува дијадемата од Киев со Исус Христос на централната плочка. Т. И. Макарова, *Перегородчатъе,* op.cit., 46, 48, Т. 12; Б. А. Рыбаков, *Руси*, op.cit., 639-640.

[23] Б. А. Рыбаков, *Руси*, op.cit., 639-641.

[24] Б. А. Рыбаков, *Руси*, op.cit., 563-566; Е. Манева, *Крстеви,* op.cit., 46, Т. I, XXII, 1, 2; Idem., *Средновековен... op. cit., 37, Т. 31, 31/91.*

[25] Б. А. Рыбаков, *Руси*, op.cit., 641, 647-652.



Сл. 8.
Дијадемата од Преслав – X век (Според Т. Тотев)

Ако се следи оваа идеја, претставата на пречелницата од Водоча може да се согледа и како своевидна метафора на огнената кочија на Св. Илија. Од друга страна, одамна е познато дека овој старозаветен пророк е христијанска транскрипција на најпочитуваното словенско божество на овие простори, на громовникот Перун.

Во Македонија скоро до денешни дни зачуван е обичајот на празникот *Вознесение* (во народот познат како Спасовден) во црквите да се носи цвеќето перуника (еден од атрибутите на богот Перун)[26] за потоа со него да се штитат домот и луѓето од громови.[27]

Според народните верувања, светот е трихотомен составен од *Горна, Средна и Долна* земја (небо, земја и подземје). Громовникот со молњи го цепи небото пуштајќи ги плодоносните води. Освен боговите, уште само јунаците можеле непречено да ги минуваат световите. Во фолклорните преданија Александар Македонски го прави тоа во потрага по *„жива (животворна) вода“*.[28] Во другите светови се одело и по исцелителен лек, за ослободување на некого или за расчинување на фрлените клетви и магепсништва.[29]

Дали на пречелницата од Водоча постоела централна апликa вон од наведените со ликот или знакот на оној што се вознесува, дали е таа евентуално подоцна изгубена, уништена или била заменета

---

[26] Перуновото цвеќе – перуника (*Iris germanica) често се поистоветува со кринот (Lilium candidum*). Стилизиран како дрво, на животот, како идеограм на вегетабилните сили, симбол на Богородица итн., лијанот е еден од најзастапените мотиви во средновековната хералдика и орнаментика, но и во декорирањето на накитот за глава. Е. Манева, *Крстеви,* op. cit., 45, n. 86-90, T. I.

[27] Т. Вражиновски, *Народна митологија на Македонците*, Скопје-Прилеп 1988, 126, 222.

[28] В. Антиќ, Романот за Александар Велики и фолклорот, *Од средновековната книжевност,* Скопје 1976, 157-161; Т. Вражиновски, *Македонски народни преданија,* Скопје 1986, 26-33 etc.

[29] Т. Вражиновски, *Речник на народната митологија на Македонците,* Прилеп-Скопје 2000, 131.



Сл. 9.
Схема на дијадемата од Сахновка – XII век

со додатен елемент што накнадно се приклучувал кон целокупниот аранжман,[30] можеби и од материјал што подлежел на гниење?

Бројот на апликите е, сепак, осум,[31] а сите поставени прашања остануваат со неизвесен одговор.

*Вознесувањето,* толку популарно и адекватно во декорирањето на накитот за глава и чело и, секако, подложно на идејни трансформации, до крајот на XV и поодминатиот XVI век, се претпоставува, иако хипотетично, дека можело да добие ваков, сосема рудиментиран, но за консументите разбирлив изглед.[32]

Но, дури и да се отфрли наведената аргументација за постоењето на реминисценции за *Вознесението* во декорацијата на пречелницата од Водоча, не може да се заобиколи фактот дека основната инспирација со одделни фолклорни напливи, сепак се врзува со Александридата.

Чудесното зачнување на Александар Македонски од страна на египетскиот исцелител и маѓесник Нехтенав, според кажувањата во Александридата се извело така што тој *„...самиот влезе во неа (Олимпијада. Е. М.) со лик на богот Амон, таков беше ликот на богот Амон: главата орлова и на неа китка босилек и очи како змиски и нозе лавови, рамења раскрилени, златни и црни, ваков беше ликот Амонов*".[33]

---

[30] Во средишниот дел над пречелницата од гробот 4 од Крстеви кај Демир Капија откриен е посебен додаток со ушка за прикачување за марамата во горниот дел во кој се вметнати три сини украсни камчиња. Е. Манева, *Крстеви*, op. cit., 45, 46, T. II, T. XXII, 1, 2.

[31] Венецот од богатиот трезор од Маркови Кули, Варош-Прилеп е датиран во XIV век. Тој е направен од осум правоаголни плочки со вметнати украсни камења во нивните средишта. М. Ћоровић-Љубинковић, Налаз ис Маркове Вароши код Прилепа, Музеји 2, Београд 1949, 103-113; Веројатно станува збор за накит од семејството на Димитрија Волкашин или Крали Марко.

[32] Шематизирана верзија на Вознесението на Александар Македонски е прикажана во медалјон во Пала д'Оро во Св. Марко од Венеција каде меѓу две грифони се наоѓа само мал владетелски портрет во круг. A. Grabar, Le succés des arts... op. cit., 47, ill. 10.

[33] *Александрида, Редакција Димитар Пандев, Охрид 2001, 17.*



Сл. 10.
Дијадемата од Сахновка централна аплика – XII век




Сл. 11.
Киевска дијадема – почеток на XIII век



Сл. 12.
Аплика – Збирен наод од околината на Пожаревац (Србија)
Крај на XIV век



Сл. 13.
Аплика – Збирен наод од околината на Пожаревац (Србија)
Крај на XIV – почеток на XV век

Грифоните имаат многу сложена симболика. Во нив е обединета моќта на двата господари: целестинската на орелот и земната на лавот. **Сл. 5-10, 14, 15**

Уште од VI-V в. пред н.е. тие биле државен и царски амблем во Персија. Кај Скитите биле митските чувари на златните ризници, а кај Словените имале улога на моќна стража и покровител на посевите.[34]

Во хеленската митологија се врзуваат со сончевиот Аполон, во римската со Немеза, ќерката на Никта, во Египет се персонификација на Амон, во хелинизмот се поврзуваат со неговиот син Александар Македонски, додека во Византија се заштитници на воините и воената аристократија.[35] Постои мислење дека во Византија тие биле ознака на ќесарскиот чин[36]. Според христијанската доктрина тие ја означуваат двојната природа на Бого-човекот, Исус Христос.[37]

Суштествата кои имале толкава моќ да ги чуваат божествата и нивните олтари, владетелите и нивните престоли, ризниците, воините и потомството и полетувајќи меѓу границите на световите да досегаат по вечниот живот, секако дека имале и значајна статусна, апотропејска и плодоносна улога, како и магична сила со која го

---

[34] Л. Дончева-Петкова, *Митолошчни...* op.cit., 13-47; Рыбаков, *Руси, op.cit., 624-633.*

[35] За симболиката на грифонот види: Д. Срејовић, а. Цермановић-Кузмановић, *Речник грчке и римске митологије,* Београд 1979, 99; J. Chevalier, A. Cheerbrant, *Rječnik simbola,* Zagreb 1987, 177; Л. Дончева, *Митолошчни...,* op.cit., 13-47 etc.

[36] Н. П. Кондаков, Очерки и заметки по истории средновековното искуства и култури, Прага 1929, 29, 106.

[37] L. Réau, *Iconographie de l'art chrétienne*, Paris, I 1955, 88.



Сл. 14.
Пречелница од гробот 463 од Водоча (фотодокументација)

заштитуваат и која му ја пренесуваат на носителот што го има овој амблем на себе.[38]

И апликите со крстови од водочката пречелница, **Сл. 4, 6, 14, 15** секако, имаат повеќезначна симболика.

Тие можат да се поврзат со колесницата со кое се вршело *вознесувањето,* но и со огнената кочија на пророкот Св. Илија, односно со громовникот Перун.

Сами по себе, колцата се идеограми со хелиолатриско: соларно, лунарно или астрално значење.

Освен крст, прекрстените линии во апликите можат да ги означуваат спиците на колцето, но и страните на светот, сончевите зраци, мољните, месечевите мени, годишните времиња, космичките елементи итн. Токму на ова последново се алудира во Александридата кога Александар Македонски го прашува Создателот: „*како ги сплете човековите тела од четири стихии, и душа обожена во нив засади, и ја зацврсти како некој управувач на четири рамномерно поставени тркала, па додека четирите стихии рамно се составени, и од тебе создаденото тело е цело и неколебливо право се движи, а кога ќе се зголеми или ќе се намали едниот од четирите состави, тогаш ќе се распадне и од душата ќе се распрегне испрпеното човеково тело? Ако пак со промислата твоја и со лекарската вештина пак ќе се поднаместат четирите тркала, што се составни, тогаш пак телото со душата ќе здравее...*[39]

[38] Во збирниот наод со плочки од повеќе различни „почелици“ од Пожаревац – Србија, најдени се мошне интересни примери. Кон крајот на XIV век се датираат плочките со стилизиран крин во горниот и стоечки орлоглав грифон во долниот дел. Кај примероци од крајот на XIV - почеток на XV век кринот е стилизиран како дрво на животот фланкирано со 2 птици. Од Пеќ – Косово - потекнува плочка со стилизирани кринови и розети - од средината на XV век. Б. Радојковић, *Српско златарство,* Београд 1981, кат. бр. 26, 27, 28, р. 22, 23; Д. Минић, М. Томић, Остава средњовековног накита у Народном музеју у Пожаревцу, *Старинар* XXI, Београд 1972, 163-168, Т. I, II; види напред Cf. n. 26.

[39] *Александрида*, Охрид 2001, 130.



Сл. 15.
Обид за реконструкција на пречелницата од гроб 463 – Водоча (цртеж Д. Спасова)

За тоа колкаво било верувањето во моќта на накитот за глава јасно се кажува во Александридата во сторијата кога Александар Македонски го добил „*...и венецот Соломонов, во кој имаше три камења, кои имаа дванаесет дејства исцелителни и му го донесоа венецот на Сивила царицата, со дејства многу волшебни...*"[40]

* * *

Која била дамата од гробот 463 од Водоча?

Судејќи по датирањето на прстенот и пречелницата таа живеела, односно била погребана во периодот од крајот на XV до поодминатиот XVI век.

Во наведеното време, според зачуваните турски, пописни дефтери во Водоча живееле христијани.[41] За тоа сведочи и погребниот ритус, ориентацијата и положбата на нејзиното тело.

Се чини, исто така, дека таа била претставничка на повисокиот општествен слој, можеби потекнувала од фамилиите на „баштинари" со зачувани наследни имоти запишани во пописите како „baştine" со повластен специфичен статус во рамките на Турската империја.[42]

Таа била опремена како што ѝ прилегало според верата и статусот и согласно важечките обичаи на тоа време.

---

[40] Ibid., 41, 42.

[41] Во пописните дефтери за XVI век, во казата Струмица се споменува и селото Водица - односно Водоча. Тука се наброени сите имиња на машките старешини на семејствата (кои биле 84 на број), на неожenетите (15), на вдовиците (14) и на „баштините" (16) - заедно со вкупните давачки. *Турски документи за историјата на македонскиот народ Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак,* Том V, кн. III, Скопје 1982, 80, 81.

[42] Словенскиот термин „баштина" се употребува во турските пописни дефтери за условно наследна државна земја која ја поседувала едно христијанско семејство, соодветна на чифлигот во рацете на муслиманските фамилии. Бројот на „баштините" во Водоча во XVI век е 16. *Турски окументи,* op.cit., 80, 81, 648, 657. А. Стојановски, Околу значењето на термините „baštine" и „nam-i diger" во пописните книги од XV-XVI век, *Македонија во Турското средновековие,* Скопје 1989, 241, 249.

Не е без основа ако се каже дека менталитетот, естетските норми, однесувањето и многу други параметри од секојдневниот живот, покрај другото, во голема мера биле обликувани токму од Александридата, дека истите веќе биле обнародени и имплементирани во фолклорната култура и стил.

Покојничката од гробот 463 од Водоча, накитена со пречелница и прстен произлезени од постарите, раскошни благороднички предлошки, на своевиден начин отсликува уште едно сиже од Александридата, она за венчалната улога на накитот што го поседувала. „*Александар, пак, од престолот станувајќи, и Роксанда за рака прифаќајќи ја... со себеси на престолот ја седна, венецот од главата своја го симна, па на главата нејзина го постави, и прстенот од раката своја го извади, на раката нејзина го постави...*“.[43]

(Рецензент: *проф. д-р Иван Микулчиќ*)

---

[43] *Александрида*, Охрид 2001, 78.

Elica MANEVA

# THE JEWELLERY FROM GRAVE 463 IN VODOCA

## Summary

*The necropolis at the Church Complex of Vodoča, the Church of St. Leonthius at the village of Vodoča, lies 4 km west of the city of Strumica. It was in use from the Middle Ages until the middle of the 20th century.*

*The grave 463 was intact and contained two Finds: a headbend and a ring.*

*The abstracted "inscription" on the lateral fields in the shape of zigzag lines (lines at an angle) is, in fact, an unsophisticated substitution for the text which in these precious engagement or memorial rings read Annello da peto (A ring from the heart).*

*Following certain analogous elements in later specimens, such as those related to the morphology, decoration or rendition which were inspired by the impressive earlier rings that were emblematically emotional or functional in their nature, it was concluded that the ring from grave 463 in Vodoča was manufactured, i.e., used towards the end of the 15th century and in 16th century.*

*Despite the wide chronological frame proposed by the experts in their analysis of the ring discovered in grave 463 in Vodoča, the cultural and social origin of the* ***headband*** *and its date of manufacture have already been established with a high degree of certainty, which makes possible its further detailed study. This is especially important due to the fact that it has no known analogies.*

*The ascension/taking up to the sky of Alexander the Great that was so popular and appropriate in the decoration of the jewellery for the head and the forehead, was evidently subject to conceptual transformations; it can be assumed that by the 15th and 16th centuries, this narrative acquired a form which was rudimentary, but still familiar to the wearer.*

*The Ottoman inventory books from this period confirm that during this period Vodoča was populated by Christians. The funeral rite and the orientation and posture of her body testify to this fact.*

***Keywords:*** *NECROPOLIS AT VODOČA, ARCHAEOLOGICAL MATERIAL, RING, HEADBAND, ASCENSION, ALEXANDER THE GREAT, THE ALEXANDER ROMANCE.*